# Употреба на милиции во Рогот на Африка и во Демократска Република Конго

**Д-р ш ери МекФарланд, советник на Колеџот за национално разузнавање(НДИЦ).[1]**

*Резиме*

*Оваа студија за бунтовничките групи и мерките за борба против бунтовниците што се користат во ДРК, Етиопија и Судан ја открива единственоста во односот што постои меѓу маргинализираните групи и владините сили во секоја од овие национални држави. Населенијата на Судан, Етиопија и Демократска Република Конго и натаму ќе бидат погодени од војни поради употребата на милиции што служат само за да ги интензивираат и онака веќе постојните проблеми. Во маргинализираните региони од овие земји, мора да постои сериозен напор да се сопре употребата на милиции за смирување на немирите во регионите што не се под владина контрола, и да се стави поголем акцент на зајакнување на државните и локалните институции за да може да се воспостави политички легитимитет.*

Внатрешни борби, угнетување и злосторства против човештвото се дел од политичкото, општественото и економското ткиво на многу африкански земји. Демократска Република Конго (ДРК), Етиопија и Судан се меѓу националните држави во Африка што во историјата и денес се засегнати од такви проблеми. Постојните кризи во овие три држави се интензивираа со употребата на милиции како мерка против бунтовниците. Владините сили во горенаведените студии на

[1] Д-р ш ери МекФарланд е советник на Колеџот за национално разузнавање. Таа предава на додипломски и посдипломски курсеви за глобализација, конфликт анализи и Африканска политика

случаи се бореа заедно со милициите во обид да запрат различни бунтовнички групи, но тоа доведе само до повеќе смрт и уништување.

Постојат многу причини зошто африканските влади продолжуваат да се потпираат на такви неефективни мерки против бунтовниците. Првата е корупцијата и недостиг на инфраструктура. Повеќето африкански влади се нефункционални поради слабите државни институции што се преплавени од корупција и недостиг на инфраструктура што резултираше со неможност да се обезбедат основни услуги за граѓаните. Освен корупцијата и недостигот на инфраструктура, големите африкански држави, како што се Судан, ДРК и Етиопија,  се оптоварени со одговорноста да ги употребуваат слабите државни институции за да владеат со голема територија што претставува уште поголем предизвик за политичкиот легитимитет на централната власт. Така, бунтовничките групи и мерките против бунтовниците се одговор на нефункционалноста на државата.

Африканските војски често пати не можат да ја добијат војната против бунтовничките групи бидејќи немаат финансиски ресурси и воена опрема што се потребни за да се „нападнат герилците со таква сила каква што е потребна за да бидат победени.“[1] Освен тоа, бунтовничките групи обично се цврсто стационирани во руралните области, кои не се под постојана контрола на владата. Задачата да се одбранат големи територии и распрснато население е уште посложена поради недисциплираната воена сила што многу често не добива плата за дадените услуги. Неможноста да се употреби сила поради ослабнатите воени капацитети предизвика африканските влади, кои се под притисок, да ја изберат употребата на милиции како ефтина мерка против бунтовниците. Опцијата за милиции што живеат меѓу

групите кои се спротивставуваат на владата во многу случаи се покажа како многу корисна бидејќи таквата тактика ги дели и им го одвлекува вниманието на групите кои инаку би можеле да се обединат. „Иако милициите обезбедуваат директни предности за владата“[2], сепак, долгорочно, не обезбедуваат средина за конструктивно делување и мир. Оваа студија за бунтовничките групи и мерките за борба против бунтовниците што се користат во ДРК, Етиопија и Судан ја открива единственоста во односот што постои меѓу маргинализираните групи и владините сили во секоја од овие национални држави.

## Демократска Република Конго

ДРК, која е дом на најголемата мировна мисија на светот поради долгогодишните граѓански војни, беше погодена од конгоанската војска и нејзиниот однос со различни бунтовнички групи. Бунтовничките групи што постојат и во и надвор од ДРК имаат длабоко влијание врз институционалниот капацитет на државата. Владините сили на ДРК особено се погодени од тешкотиите во источниот регион на земјата. Централната, регионалната и локалната власт во источниот регион од земјата го напаѓаат вооружени фракции, а тука се одвиваат и етнички спорови и спорови за земјиште на индивидуално, семејно, кланско и селско ниво уште од дамнешни времиња. Ова играше голема улога во дестабилизирање на државата. Со оглед на тоа дека ДРК е втората најголема земја на континентот и е населена со околу педесет и шест милиони луѓе, „кои им припаѓаат на повеќе од две стотини и педесет етнички групи“,[3] оваа студија ќе се фокусира само на владиниот однос со милициските групи во

источниот регион на земјата, како што се Маји Маји и Демократските сили за ослободување на Руанда (ФДЛР).

Односот меѓу конгоанската влада и милициите, како што се ФДЛР и Маји Маји почна за време на владеењето на Лорен Кабила како шеф на државата. Доаѓањето на власт на Лорен Кабила потекнува од граѓанските немири меѓу етничките групи во регионот Киву во источно Конго поради спорови во врска со земјиште, како и поради државјанството на раселените лица и бегалците. Тензиите се зголемија и како резултат на политичката, економска и општествена поддршка на претседателот Мобуту Сесе Секо на етничките малцинства, особено на оние со руандско потекло. Поради овие немири, соседните земји, како што се Руанда, Бурунди, Ангола и Уганда помогнаа да се формира коалиција, која најпосле доведе до отфрлање на режимот на Мобуту. Владата на Руанда даде воена поддршка за отфрлање на Мобуту поради големата потреба да се заштитат руандските Тутси, кои ги населуваат регионите на источно Конго што се богати со минерали. Желбата на Владата на Руанда да го заштити населението од иста етничка припадност во источно Конго доведе до откривање на најголемите минерални ресурси на источно Конго како што се каситерит, колтан, злато, дијаманти и палмини плодови. Како резултат на откритието на таквите минерали, Уганда и Руанда станаа главни извозници на каситерит, колтан и злато, чија количина е многу мала и во двете земји. Поради тоа, Лорен Кабила подоцна ги употреби Маји Маји и ФДЛР како милициски сили за да се заштити од неколку инвазии што ги направија Руанда и поранешните сојузници. Владата на Руанда беше особено навредена кога Кабила ги отпушти конгоанските политички официјални лица со руандско потекло, ги

прекина конгоанско-руандските воени односи, „и почна да го поттикнува населението на расна омраза кон Руандците и Конгоанците со руандско потекло.“[4]

Со текот на годините, фракционализмот и промената на сојузниците ги усложнија односите меѓу владата, ФДЛР и Маји Маји. Во моментов, постојат некои фракции во рамки на ФДЛР и Маји Маји што и натаму ја поддржуваат владата, како и такви кои не ја поддржуваат. Сојузот меѓу ФДЛР и Маји Маји беше воспоставен набргу по геноцидот во Руанда во 1994 година. По завршувањето на руандскиот геноцид и по доаѓањето на власт на Пол Кагаме, сегашниот руандски претседател од редот на Тутсите, милион руандски Хуту бегалци пребегнаа во источно Конго, што доведе до тоа конгоанскиот народ во источниот регион да организира неструктурирани воени групи наречени Маји Маји. Поради неуспевањето да се воспостави владеење на законот во источниот регион, на Маји Маји им се даде одговорност да ги заштитуваат локалните граѓани од незаконските акти што ги извршуваше надојденото руандско население, меѓу кое имаше припадници и на Хуту и на Тутси, бегалци кои биле извршители на геноцид, и трупи од руандската национална армија. Некои фракции во рамки на бунтовничката група Маји Маји набргу им се придружија на победените Хуту бунтовници кои тукуштo беа пристигнале. Ова беше само почетокот на сојузот меѓу Маји Маји и ФДЛР. Новодојдените Хуту бунтовници на крајот се стационираа во источно Конго поради нивниот сојуз со бунтовничката група Маји Маји која им помогна да добијат пристап до некои земјишта и рудници богати со минерали.

Џозеф Кабила, сегашниот шеф на државата и син и наследник на поранешниот претседател Лорен Кабила, го употреби сојузот Маји Маји-ФДЛР за борба против Тутси бунтовниците кои го поддржуваат Тутси генералот Лорен Нкунда, поддржан од Руанда. Лорен Нкунда беше лидер на Националниот конгрес за одбрана на народот (ЦНДП), кое претставува бунтовничко движење што беше воспоставено за да ги заштити правата на народот Тутси од источно Конго. Постојаните јавни поплаки во врска со прекршувањата на човековите права што беа извршени од генерал Нкунда и неговите следбеници резултираа со негово неодамнешно апсење што се случи на 22 јануари 2009 година. Генералот Нкунда беше уапсен во Руанда за време на заедничките воени операции меѓу руандските сили и конгоанската војска. Поради претходните инвазии на ДРК од страна на руандските сили и непријателските односи меѓу Тутси и Хуту долго време не постоеше воената соработка. Генералот Лорен Нкунда ја одобруваше руандската агенда во која се планираше пораз на сите Хуту милициски групи во источно Конго што претставуваа закана за националната безбедност на Руанда и на Тутсите и во Конго и во Руанда. Нкунда, руандски припадник на Тутси роден во ДРК, беше застапник за руандската агенда поради тоа што неговите родители пребегнале од нивната родена земја Руанда за време на „првиот бран етнички убиства во 1962 година.“[5] По изборот на Џозеф Кабила во 2006 година и воспоставувањето на ново Национално собрание што радикално го разреши етничкото чистење на Конгоанци од руандско потекло, повторно постојат стравувања од кампањи на етничко чистење во источниот регион на Конго. Како резултат на тоа, главна конфронтација меѓу владините сили на Конго и трупите на Генерал Нкунда станаа борбите со

помал интензитет. Владата на Конго рутински ја обвинува руандската влада за постојано снабдување на бунтовничкото движење на Генерал Нкунда со оружје поради големото минерално богатство на источно Конго и постоење на Хуту милициски групи во регионот. Така, борбите меѓу конгоанската влада, провладиниот милициски сојуз ФДЛР-Маји Маји и Генерал Нкунда добија регионален, како и меѓународен карактер.

Пред неодамнешното апсење на Генерал Нкунда, конгоанската војска го зголеми снабдувањето со оружје на сојузот ФДЛР-Маји Маји со цел тие да можат да продолжат со борбите против заедничкиот непријател. Според, Би-би-си и други веродостојни медиуми, конгоанската влада ги снабдила ФДЛР и Маји Маји со униформи, сандаци со муниција за АК-47 и снадаци со бомби од 82 мм.[6] Неодамнешните извештаи од лобистички групи како што се Глобал витнис исто така ги потврдија ваквите извештаи. Освен тоа, Глобал витнис потврди дека културата на неказнивост во источно Конго му овозможила на соузот ФДЛР-Маји Маји да изврши сериозни прекршувања на човековите права против цивилно население. Глобал витнис и други лобистички групи изјавија дека сојузот ФДЛР-Маји Маји е одговорен за осакатување и киднапирање на млади деца, силување на жени и убиство на мажи и на жени. Според лицата кои ги интервјуираше Хјуман рајтс воч, селата се постојана цел на грабежи на стока, кози, овци и други добра. Некои селани тврдат и дека сите лица кои му се спротивставуваат на сојузот ФДЛР-Маји Маји и неговата агенда се обвинети дека соработуваат со непријателски милициски групи и се убиени или мачени. Локалните жители исто така ги обвинуваат конгоанските вооружени сили и сојузот ФДЛР-Маји Маји за

преземање контрола врз различни рудници и принудување на граѓаните да работат за нив или да им го предадат производството на минерали за таквите минерали да може да се продадат при размена на оружје.

Напорите за мир ќе се зајакнат во ДРК и во целиот регион кога владата ќе ја отфрли културата на неказнивост не само со тоа што ќе го казни Генерал Лорен Нкунда за прекршување на човековите права, туку и другите злосторнички елементи на општеството, како што се Маји Маји и ФДЛР, кои имаат извршено слични злосторства. Владата на ДРК и други влади во регионот на Големите езера мора да развијат силна посветеност на мирот и реконструкцијата со воспоставување на владеење на законот и негово почитување, за да може да се унапреди безбедност и сигурност на сите негови граѓани.

## Етиопија

Владата на Етиопија, исто како и Демократска Република Конго, искуси и внатрешни борби со различни етнички групи, и надворешни борби со соседните земји. Поради неефективната власт, спорните граници и лошите односи со своите соседи, Етиопија исто така употребува милиции за да ги смири бунтовите од различни групи. Со оглед на тоа што Етиопија е населена од голем број различни култури и етнички групи, а нејзиниот однос со секоја од соседните земји е сосема различен, фокусот на оваа студија ќе биде на народот што живее во регионот Огаден, што во голема мера влијаеше врз односот на Етиопија со соседна Сомалија.

Огаден е голема спорна област што ја опфаќа пустата рамнина меѓу сомалиско-етиопската граница и источните етиопски висорамнини.[7] Огаден е ретко

населен со етнички номадски сомалиски сточари, чие земјиште било поделено при серија договори меѓу колонијалните конкурентни сили, како Британија, Италија, Франција и Етиопија. По голем број борби за превласт меѓу империјалистичките сили, контролата врз Огаден се префрлила од Италијанците на Британците, а потоа конечно на Етиопјаните. Сомалиската независност добиена во 1960 година се покажа како голем предизвик за Етиопија поради иредентистичката политика што ја водеа политичките лидери на нововоспоставената република. „Сомалија бараше право врз регионите на Француски Саомалиленд населени со Сомалијци (подобро познати како денешно Џибути), североисточниот дел Кенија и Огаден.“[8]

Иредентизмот играше главна улога во војната меѓу Етиопија и Сомалија од 1977 година. Во текот на овој период, сомалиската влада почна да наоружува герилска организација под името Западен сомалиски ослободителен фронт (ВСЛФ). Организацијата успешно освои големи парчиња земја во регионот Огаден поради слабите владини сили на режимот на Дерг во Етиопија. По големи реорганизации во рамки на режимот на Дерг, на власт во Етиопија дојде Тафари Банит Менгисту. Големите политички, социјални и економски проблеми, како и недостигот на поддршка од САД поради прекршувањето на човековите права, предизвикаа новото раководство на Менгисту во Етиопија да се сврти за помош кон Советскиот Сојуз. Поради стратешката местоположба на Рогот на Африка и желбата да ги сочува своите интереси во Етиопија и во Сомалија, поранешниот Советски Сојуз почна да ја снабдува Етиопија со оружје за војската. Но, одлуката оние кои ги гледаа како непријатели да бидат снабдувани со оружје ги навреди сомалиските државници и резултираше со тоа што советските советници беа

избркани од земјата, а различни советски поморски капацитети во Бербера беа затворени. Замрзнатите дипломатски односи меѓу Сомалија и поранешниот Советски Сојуз предизвикаа Советите да развијат поблиски односи со Етиопија. Откако доби советско оружје во вредност од 875 милиони долари, Етиопија успеа во март 1978 година повторно да преземе целосна контрола врз регионот Огаден.[9]

Како што беше претходно речено, затегнатите етиопско-сомалиски односи беа централни за моменталната криза во регионот Огаден. Националниот ослободителен фронт на Огаден (ОНЛФ) е главното бунтовничко движење на фронталната позиција од сегашната војна во спорната област. ОНЛФ цврсто се воспостави „како движење за независност на регионот Огаден од Етиопија по 15 август 1984 година.“ [10] Седум години откако цврсто се востанови, ОНЛФ стана официјален дел на етиопската транзициска влада која дојде на власт откако го урна режимот на Менгисту поради неговиот карактер кој го поддржуваше самоопределувањето на различни националности. Но, упорното инсистирање на ОНЛФ за самоопределување предизвика појава на тензии меѓу членовите на владејачката партија. Како резултат на тоа, етиопските безбедносни сили почнаа да вршат напади против членови на ОНЛФ за да ги фатат клучните членови во организацијата. Голем број цивили беа убиени за време на овие напади и многу членови на ОНЛФ пребегнаа во соседна Сомалија за да бараат сигурност. Откако пребегнаа во Сомалија, членовите на ОНЛФ се здружија со исламистичката група ал-Итихад, која се смета дека има врски со терористичката мрежа на Ал Каеда. Неуспевањето да се норамлизираат односите со етиопската власт резултираше во бескрајна воена кампања што ја извршуваа обете страни во регионот Огаден.

Во текот на годините Огаденците беа жртви на силување, раселување, мачење и дискриминација, рестрикции на хуманитарна помош и трговија, како и на убиства. Сé поголемите предизвици на Етиопија што се однесуваат на пограничните тензии со соседна Еритреја и со Сомалија, како и недостигот на политичко влијание меѓу маргинализираните групи на внатрешен план, предизвикаа етиопската влада да владее преку сила и застрашување. Со оглед на тоа дека етиопските воени сили се предизвикани на повеќе фронтови, режимот во Адис Абеба прибегна кон употреба на милиции за да ги смири немирите во маргинализираните региони како што е Огаден. Членовите на огаденската заедница тврдат дека етиопската влада ги принудува цивиите да се борат во војната против ОНЛФ. Поголемите градски средини во регионот Огаден се под контрола на бројни припадници на етиопската војска, но помалите села и градски средини се релативно неконтролирани од таквите сили. Затоа, етиопската војска во голема мера „се потпира на локално регрутирани информатори и милиции во поглед на воено разузнавање, дополнителни сили и локално познавање.“[11] Според Хасан Абди Хеес, главниот сметководител во владината канцеларија во Огаден, „секој кој работи за владата – наставници, доктори, службеници, административци – мора да се придружи на [провладината] милиција.“[12] Лицата кои се вработени во програми што се финансирани од ОН и Светска банка исто така се принудени да се приклучат кон провладините милиции. Цивилите често се принудени да служат како „водичи, носачи, преведувачи и пешадија.“[13] Повеќето не добиле соодветна воена обука за да се борат против ОНЛФ, па така, многумина непотребно гинат во борбите. Западни официјални лица, бегалци и други етиопски административци

кои неодамна ја избегнале кризата во регионот тврдат дека режимот во Адис Абеба „ги повика постарите лица, трговците, жените и државните службеници да формираат локални „безбедносни комитети“ за да ги мобилизираат своите кланови да ги уништат бунтовниците [од ОНЛФ] и нивните бази на поддршка.“[14] Но, етиопската влада продолжува да тврди дека вклучувањето во овие „безбедносни комитети“ е строго доброволно, но тврдењата поткрепени од западни официјални лица, цивили и хуманитарни работници откриваат нешто друго. Овие извори велат дека регрутите се добиваат со користење на неколку сурови методи. Имињата на некои лица се ставени на јавни постери, и, ако одбијат да се пријават на должност, тие се носат во затвор, им се наплаќаат казни, се убиваат или ја губат работата. На постарите и на татковците некогаш им се дава опција или да ги донесат своите синови да се придружат кон провладините милиции или да снабдат оружје за етиопската војска.

Во април 2007 година, битката меѓу ОНЛФ и етиопската влада стана особено интензивна кога ОНЛФ нападна кинеска позиција за истражување на нафта, при што загинаа седумдесет и четири лица, вклучувајќи девет кинески работници.[15] Откако се случи тој инцидент, владата одржа неколку собири за да собере пари за регрутирање на милициски сили. Младите мажи кои одбиваа да се појават на таквите собири беа брутално тепани. Во некои случаи, етиопската војска се закануваше дека ќе мачи цели села ако селаните не ги послушаат нивните барања за милициска регрутација и снабдување со оружје. Хјуман рајтс воч (ХРВ), со седиште во САД, напиша сеопфатен извештај за доказите што ги потврдуваат овие прекршувања на човековите права што биле направени против Огаденците и

од етиопската влада и од ОНЛФ. Извештајот на ХРВ тврди дека ОНЛФ е одговорен за непребирливи убиства на секој за кого се сомневало дека ја поддржува владината агенда. Во голем број случаи, имало тепања и егзекуции и на цивили и на владини службеници кои биле чувани во заложништво. Меѓународната заедница не презеде акција против таквите прекршувања на начинот на кој требаше, пред сѐ поради незнаење кое е резултат на напорите на етиопската влада да ги спречи хуманитарните агенции и медиумите да добијат пристап до регионот. Освен тоа, страдањата на Огаденците ќе продолжи да биде незабележано сѐ додека САД и другите големи сили во меѓународната заедница дозволуваат ваквите страдања да останат во сенка на учеството на Етиопија во „Војната против тероризмот“.

## Судан

Судан е уште една земја на Рогот на Африка која ги доживува некои од истите проблеми како и соседна Етиопија. Како и другите гореспоменати студии на случаи, Судан е многу сложено и разновидно општество во кое центарот на моќ на различен начин се однесува кон различните подгрупи што се дел од нацијата. Како резултат на тоа, главниот фокус на оваа студија ќе биде тековната криза во маргинализираниот регион Дарфур, која почна со воена и логистичка поддршка на владата во Картум за арапските милиции во регионот. За да се зголеми контролата и доминацијата врз одредени етнички групи што и се закануваат на политичката и економската агенда, владата во Картум традиционално се впушти во војни користејќи ги арапските милициски групи што работат заедно со суданските вооружени сили за потиснување на црните африкански етнички групи. За овие

милициски групи вообичаено се користат различни имиња. Во разни други маргинализирани региони како што се планините Нуба, за време на северо-јужниот конфликт овие арапски милициски групи обично се нарекуваа „Мурахален“ што значи „свети воини“. Неодамна, во регионот Дарфур таквите групи се нарекуваат „Џанџавед“ што значи „ѓаволот на коњ“. Поддршката што владата во Картум им ја дава на овие арапски милициски групи во Дарфур и во други маргинализирани области доведе до раз различни општествени болести, како силувања, ропство, дискриминација, затворања и раселување. Суданскиот национален идентитет страдаше поради нападите што се извршуваа врз маргинализираните заедници, како онаа во Дарфур.

По независноста, маргинализацијата на регионите како Дарфур се интензивираше поради неподготвеноста на владата да ги развие таквите региони на економски, политички и општествен план. Напорите на владата да создаде национален идентитет што промовира исламска вероисповед и арапска етничка припадност исто така ги искомпликува и влоши работите. Политизацијата на исламот не ја погоди заедницата во Дарфур бидејќи мнозинството се муслимани. Но, владата го користеше прашањето на арапска етничка припадност за да ги третира со поголема наклонетост арапските земјоделци и сточари во регионот кои им се конкуренција на африканските земјоделци за различни ресурси.

Како голем број црни африкански групи во Судан, црниот африкански народ од Дарфури многу години има непријателски однос со централните владејачки сили во Судан. Лошото однесување кон црните Африканци кои се дел од заедницата во Дарфур потекнува од идејата за арапска супериорност која го погоди

регионот уште од 14-ти век. За време на тој период, голем број џухуајна Бедуини од северозападот, како и други арапски трговци и учени луѓе и од истокот и од западот се населија во оваа област. Во текот на одреден период, Арапите и домородната владејачка елита од династијата Киера развија блиски врски. Арапските учени луѓе што се населија во регионот станаа силен столб во воспоставениот судски систем. Најпосле исламот беше усвоен и арапскиот јазик стана јазик на вероисповеста, образовнанието и судството низ целиот дарфурски регион, што доведе до тоа многумина да мислат дека Арапите се супериорни. Овој бурен однос меѓу црните Африканци и Арапите беше исто така погоден и за време на колонијалното владеење кога британските владејачки сили решија да ги запостават подалечните области како што е Дарфур за да ги насочат сите финансиски ресурси кон инфраструктурен развој и земјоделска експанзија во централниот регион на Судан во близина на Картум.[16] Се сметаше дека владеењето со регион како што е Дарфур би било и многу скапо и неефикасно за британската колонијална администрација. Ова им овозможи на афро-арапските етнички групи што го населуваа регионот најблиску до Картум да го наследат целото политичко и економско богатство за време на периодот на деколонизација. Оваа шема на асиметричен развој во Судан продолжи до денес.

Арапската надмоќ стана уште поочигледна во дарфурската заедница за врме на периодот кога либискиот претседател Мумар ал-Гадафи се обиде да воспостави голема исламска империја што се протега во централноафриканскиот регион. Основањето на исламска империја го вклучуваше создавањето на исламска легија и употреба на Дарфур како база за почнување воени напади против територијата на

Чад. Владата во Картум доби оружје од либиската влада во замена за својата подготвеност да ги игнорира овие воени кампањи. Освен тоа, илјадници лица од Либија, Чад и Дарфур се придружија на исламската легија поради пропагандата на Гадафи за арапскиот/исламскиот идентитет. Гадафиевото промовирање на арапска супериорност и неговата силан поддршка на исламот предизвика тензии меѓу Арапите и црните Африканци кои живеат во Дарфур. Акциите на Гадафи не само што ги поттикнаа тензиите меѓу Африканците и Арапите во дарфурскиот регион, туку и таквите акции доведоа до војни на милициите меѓу Чад, Либија и Судан. Во средината на 1980-те, жителите на Дарфур страдаа од битки меѓу силите на чадската власт, чадските бунтовници кои се здружија со луѓето од етничката група Загаван и во Чад и во Дарфур, и либиската војска.[17]

Во 2003 година, владата во Картум ги вооружи арапските милициски групи во напор да го запре оружениот отпор на Фур, црноафриканска етничка група во Дарфур што бараше да биде вклучена во мировниот договор што подоцна беше потпишан од страна на владата во Картум и Јужното ослободително движење во 2005 година. Но, владата во Картум не беше подготвена да ги направи овие отстапки бидејќи страхуваше дека тоа ќе ги охрабри другите етнички групи што живеат во маргинализираните региони да бараат слични услови. Со години, групите на црни Африканци во Дарфур пружаа оружен отпор против суданската влада поради економска и политичка опресија, но, во моментов, за разлика од пред повеќе години, бунтовничкото движење на црните Африканци направи значаен напредок во своите напори да и се спротивстави на националната власт. Значаен

напредок беше направен како последица на внатрешните немири што ги доживуваше националната влада поради меѓународниот притисок да го потпиѓе Северно-јужниот мировен договор. Бунтовничкото движење на Дарфур исто така уживаше огромна поддршка од следниве извори: локалното население во Дарфур, бунтовничките движења на југот, припадниците на истата етничка група кои живеат во Чад, Дарфурците во националната војска и богатите дарфурски бизнисмени во Персискиот Залив. Како резултат на локалната, националната и меѓународната поддршка што дарфурските бунтовници ја добија од претходно наведените извори, тие станаа импресивна сила со која тешко се справува.

Регионалната политика, како и факторите на животната средина, како сушите и пренаселеноста, исто така поттикнаа тензии во регионот Дарфур. Климатските промени и пренаселеноста негативно влијаеја врз животот во Дарфур, кој опфаќа територија од приближно 200.000 милји, а во него се населени седум милиони лица.[18] Населението во Дарфур е од различно потекло и претставува збир на африкански и арапски етнички групи.[19]

Односите меѓу овие различни етнички групи уште повеќе се затегнаа кога владата почна да го отселува населението од селата на црните Африканци, со цел таму да можат да се вселат арапски чувари на камили, кои ги имаат загубено повеќето свои традиционални земјишта поради климатските промени, деforeстацијата и опустувањето. Лидерите во рамки на етничката група Фур во регионот Дарфур и натаму ја обвинуваат владата дека неправедно се справува со дарфурските жители. Тие инсистираат дека отселувањето на жителите на селата и натамошните промени во сопственоста на земјиштето се дел од „субверзивната

владина стратегија да се промени целата демографија на регионот.“[20] Но, владата во Картум и натаму тврди дека конфликтите во регионот Дарфур се, пред сé, последица на недостигот на пасни површини и вода.

Тековните борби меѓу Африканците и Арапите во регионот Дарфур продолжува да го поттикнува сегашниот конфликт меѓу бунтовничките групи во Дарфур и северната влада и покрај потпишувањето на мировен договор во мај 2006 година. Мировниот договор од 5 мај 2006 година што беше потпишан од страна на северната влада и најголемото бунтовничко движење во Дарфур, Суднаската ослободителна војска, предводена од Мини Арку Минави, според некои беше чекор кон вистинската насока. Овој договор предвидува сите милиции да се го предадат оружјето и успешно да се интегрираат во Суданските вооружени сили, полициските сили, или повторно да се образуваат и обучуваат. Овој договор исто така ја постави основата за Транснационалната регионална власт на Дарфур, која треба да ја предводат бунтовниците потписници на договорот кои ја добија одговорноста да го спроведат мировниот договор. Според овој мировен договор, треба да се одржи референдум во 2010 година за да се одлучи дали Дарфур да стане единствен регион раководен од една влада.[21] Според овој договор, на бунтовниците потписници им се ветуваат места и во државните и во локалните министерства. Освен тоа, од северната влада се бара да придонесе 200-300 милиони долари месечно за повторна изградба на инфрастуктурата во регионот и мора „да обезбеди 30 милиони долари како компензација на жртвите во конфликтот.“[22]

Бидејќи овој мировен договор не беше прифатен од сите бунтовнички групи во Дарфур, а суданската влада немаше ефективни мерки за разоружување на

милициите, во регионот сé уште постои насилство и покрај распоредувањето на мировни сили во 2007 година. Со оглед на тоа што мировните сили се хендикепирани поради недосгит на човечка сила и опрема, кризата во Дарфур стана голема хуманитарна катастрофа. Се проценува дека 2,45 милиони лица се раселени, и дека 450.000 лица се убиени.[23] Арапските милициски групи кои се здружија со владините сили извршуваа насилство особено врз народот на Фур, Загава и Маселеит во Дарфур. Горенаведените етнички групи особено биле цел на нападите поради нивниот непријателски однос со централната влада кој постоел долги години. Кога напаѓаат фурски, загавански и масалеитски села, владините сили и сојузничката арапска милиција користат тактика која се нарекува „прочешлување“. “Процесот на прочешлување“ охрабрува целосна и тотална деструкција на сé и сите во областа што се напаѓа. Бидејќи централна компонента на борбите се палење на селата, живи се палат мажи, жени, деца и животни. Откако ќе се нападнат селата, голем број селани се мачени, често пати им се вадат очите и им се отсекуваат ушите. „Операциите на прочешлување“ на владата имаат двојна цел: создаваат пустош меѓу маргинализираното население и им овозможуваат на владините сили и арапските милициски групи да се здобијат со мебел, храна, облека и други нешта преку ограбување на селата. Голем број села се потполно уништени со хелихоптерски напади и бомбардери, како и со артилерија и пешадија.[24]

Во Дарфур, илјадници се принудени да се отселат и да живеат во кампови за внатрешно раселени лица бидејќи немаат засолниште и храна. Во овие кампови за внатрешно раселени лица, многумина се принудени да живеат во ужасни услови, а

жените често се силувани од владините сили или од припадниците на арапската милиција додека собираат нафтени ресурси за да ја зготват добиената храна. Африканската организација за права и други организации за човекови права укажуваат на тоа дека владината политика на силување во овие кампови за внатрешно раселени лица е наменета за да ја уништи самата суштина од која се составени голем број земјоделски заедници на црните Африканци со надеж дека ќе создаде нова генерација со „арапско татковство“. Освен што се силувани, некои црни Африканци и жители на Дарфур се грабнуваат и се носат во ропство од страна на арапски милициски групи и владини сили. Владата рутински користи грабнување и ропство за да ја спроведе својата политика на арапизација и исламизација на немуслиманските групи, но во регион како Дарфур, каде што повеќето жители се муслимани, грабнувањата и ропството се случуваат во многу помали размери поради фактот дека законот на Шарија им забранува на муслиманите да стават во ропство други муслимани.

Директните сведоштва на Брајан Стидл, поранешен американски маринец кој служел како водач на патрола во мисија на прекин на огнот во Судан јасно ја претставува врската што постои меѓу Џанџавед и централната влада. Во книгата со наслов *Ѓаволот дојде на коњ сведочејќи за геноцидот во Дарфур*, Стидл тврди дека Џанџавед ги напаѓа селата во Дарфур користејќи добро координирани воени офанзивни техники што укажуваат на тоа дека арапските милиции добиваат обукаод владините вооружени сили. Џанџавед ги напаѓа селата во Дарфур со употреба на воена офанзивна техника што се нарекува „ „стража со скок напред“, која претставува маневар на напредување во скокови што вклучува еден мал одред

кој пука додека друг се движи напред под заштита на уште еден одред.“[25] Стидл исто така тврди дека за употреба на такви офанзивни техники потребно е знаење за борба, команда и контрола, што уште повеќе го поткрепува фактот дека Џанџавид добива интензивна обука од владините вооружени сили. Голем број од американските и локалните контакти на Стидл во Судан известија дека арапските милиции се испраќаат во училишта за специјални операции во северан Картум, каде добиват обука. Фотографиите што ги има сликано самиот Брајан Стидл откриваат и дека владините сили им даваат оружје и обука на милициите. Овие фотографии покажаа дека на милициите им се даваат „појаси со муниција и паратруперска верзија на Калашникови со подвижни кундаци и со нишани“.[26] Освен тоа, интервјуата на Стидл со различни членови на Џанџавид потврдувија дека тие добиваат оружје од владини официјални лица, но одбиваат да откријат натамошни детали за процесот на добивање оружје. Истражувањето на Стидл за односот на суданската влада со арапските милиции откри дека лидерите на милициските одреди на Џанџавид добиваат плата од владата, додека на обичните војници им се плаќа од грабежите.[27] Често пати владата му дава наредба на Џанџавид да нападне некои села, во многу прилики Џанџавид извршил напади на своја дискреција заедно со обласната полиција која е под команда на Суданските вооружени сили што се базирани во регионот Нјала.

Во регионот Дарфур, и натаму се блокираат обидите да се донесе мир поради следниве причини: владината неспремност да направи сериозен напор да се придржува до претходно потпишаниот мировен договор, внесот на нафта што суданската влада ја добива од други земји и која се користи за снабдување со

оружје на Џанџавид и на лидерите на бунтовничките групи во северната владина територија Дарфур кои сакаат да добијат поголема сила и пристап до државните ресурси. За жал, маките на Дарфурците само ќе се влошат поради одлуката на северносуданската влада да протера тринаесет невладини организации што даваат помош за приближно 4,7 милиони лица. Таквите организации беа протерани заради сомневања за соработка со меѓународни кривични судови и нивните напори да се уапси северносуданскиот претседател Омар Башир за воени злосторства. Националната и меѓународната поддршка што Башир ја добиваше за својата одлука да ги отфрли налозите за апсење на Меѓународниот кривичен суд и неговата неодамнешна одлука да не го прекине протерувањето на различни агенции за помош само ќе го влоши страдањето на дарфурскиот народ и други маргинализирани заедници во Судан.

Населенијата на Судан, Етиопија и Демократска Република Конго и натаму ќе бидат погодени од војни поради употребата на милиции што служат само за да ги интензивираат и онака веќе постојните проблеми. Во маргинализираните региони од овие земји, мора да постои сериозен напор да се сопре употребата на милиции за смирување на немирите во регионите што не се под владина контрола, и да се стави поголем акцент на зајакнување на државните и локалните институции за да може да се воспостави политички легитимитет. Во маргинализираните региони на овие земји мора да се направат огормни инвестиции и на социјален и на економски план за да може да престане да постои воената економија во овие региони и да се подобри квалитетот на живот.

Превод

***Калина Малеска-Гегај***

[1] Jeffrey Herbst, “Conflict in Africa: armies, rebels and geography,” in *Big African States* eds. Christopher Chapman, Jeffrey Herbst and Greg Mills (South Africa: Wits University Press 2006), 233.

[2] Oystein H. Rolandsen, “Sudan: The Janjawiid and Government Militias,” in *African Guerrillas: Raging Against the Machine* eds.Morten Boas and Kevin C. Dunn (Colorado:Lynne Reinner Publishers Inc. 2007) 165.

[3] Claude Kabemba, “The Democratic Republic of Congo,” in *Big African States* eds. Christopher Chapman, Jeffrey Herbst and Greg Mills (South Africa: Wits University Press 2006), 99.

[4] Severine Autesserre, “The Trouble With Congo; How Local Disputes Fuel Regional Conflict,” *Foreign Affairs* 94 Vol. 87 (May / June 2008) under “Settings,” https://www.intelink.gov/proquest/pdqweb?index=1&did=14834999531&SrchMode=2&si..html (accessed December 6, 2008).

[5] Thijs Bouwknegt. Congolese Rebel Leader Nkunda Arrested.http://www.rnw.nl/internationaljustice/icc/DRC/090123-nkunda (accessed March 28, 2009).

[6] Dr. Sezibera. DR Congo arming FDLR. The New Times. http://www.newtimes.co.rw/print.php?issue=13703&print&article=1834.html (accessed December 13, 2008).

[7] Encyclopedia Britannica Online. http://www.britannica.com/EBchecked/topic/435754/Ogadennomadicpastorialist (accessed December 29, 2008).

[8] Federal Research Division. Library of Congress. 1993. *Ethiopia Country Study*. Washington DC: Government Publishing Office, 49.

[9] Peter Schwab, Ethiopia: Politics, Economics and Society, (Colorado:Lynne Rienner Publishers 1985), 97.

[10] Adam Ulan, “Ogaden National Liberation Front. Research Library,” *Defense & Foreign Affairs Strategic Policy 9 (*July/Aug 2004) under “Settings, ” https://www.intelink.gov/proquest/pdqweb (accessed December 29, 2008).

[11] H R W Report on the Ogaden. The Existence of Ethiopia is a Crime Against the Mankind. http://www.buzzle.com/articles/hrw-report-ogaden-the-existence-of-ethiopia-is-a-crim... (accessed December 21, 2008).

[12] Jeffrey Gettleman. Ethiopians Said to Push Civilians Into Rebel War. *New York Times*. Dec. 15, 2007 under “Settings,” http://www.intelink.gov/proquest/pqdweb?index=51&did=1398904301&Srchmode=1& (accessed December 21, 2008)

[13] Ibid.

[14] Ibid.

[15] Terrance Lyons, "Ethiopia's Convergence of Crises," Current History *A Journal of Contemporary World Affairs 8 Vol. 107* .(Apr 2008) under "Settings," https://www.intelink.gov/proquest/pqdweb?index=0&did=1465589311&SrchMode=2&si... (accessed December 21, 2008).

[16] Tony Linday, *Darfur-Cultural Handbook,*April 2007, Defence Academy, United Kingdom, 8.

[17] Ann Mosely Lesch, *The Sudan-Contested National Identities, (*Indiana University Press, Bloomington, Indiana, 1998), 162.

[18] Gerard Prunier, Darfur: *Ambiguous Genocide,* (Cornell University Press, Ithaca, NY),4.

[19] Ibid.

[20] Tony Lindsay, Darfur-Cultural Handbook, April 2007. Defence Academy, 34.

[21] U.S. Department of State Website. http://www.state.gov

[22] Ibid.

[23] African Affairs, Foreign Affairs, Defense and Trade Division, Sudan : The Crisis in Darfur and Status of the North South Peace Agreement updated July 23, 2008. Congressional Research Report. Summary page.

[24] Brian Steidle and Gretchen Steidle Wallace, *The Devil Came on Horseback Bearing Witness to the Genocide in Darfur,* ( Public Affairs, New York, NY 2007) 63.

[25] Steidle, 79.

[26] Steidle, 164.

[27] Ibid.